Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 41, 1 јуни 2010 година

јуни 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 3

**РЕФЕРАТ** за избор во наставно звање асистент (специјалист) за наставното подрачје радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 11

**НАСЛОВИ** на теми за магистерски / специјалистички стручен труд одобрени од наставно-научен совет на единицата .......... 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник **„**Методика на наставата по религиско образование“ од проф**.** д-р Снежана Мирасчиева и проф**.** д-р Владо Петровски**,** Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 18

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО РЕЛИГИСКО ОБРАЗОВАНИЕ“ ОД ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА МИРАСЧИЕВА И ПРОФ. Д-Р ВЛАДО ПЕТРОВСКИ, ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на Одлука бр. 2102-40/6 од 3.5.2010 година, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на 29.4.2010 година, избрани сме за рецензенти на ракописот предвиден за учебник со наслов „***Методика на наставата по религиско образование***“. Како рецензенти го даваме следново мислење.

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот во ракопис насловен како „***Методика на наставата по религиско образование***“ е наменет за користење на студентите кои студираат во втор циклус - специјалистички студии - методика на наставата по религиско образование за истиот предмет, кој се следи во вториот семестар, со неделен фонд на часови 2+2+2, со оптовареност на студентите од 8 кредити. Станува збор за учебник кој ќе претставува основна литература во изучувањето на овој задолжителен наставен предмет. Бројот на предвидените страници изнесува 120 во формат B5.

Ракописот за учебникот од содржински и концепциски аспект ја следи студиската, а особено предметната програма по истоимениот предмет. Во таа смисла, учебникот „Методика на наставата по религиско образование“ ќе им овозможи на дипломираните теолози да се стекнат со знаење и вештини за најквалитетно и најефикасно да го применат сопственото знаење, да се стекнат со педагошко-дидактички компетенции и да се специјализираат во сферата на наставата по религиското образование како професионален и квалификуван кадар.

Како што може да се види од приложениот ракопис, во содржината се поместени повеќе поглавја кои претставуваат една логички заокружена целина, која се однесува на основните постулати на методиката на наставата по религиско образование. Изборот на содржините овозможува во рамките на спецификата на методиката на наставата по религиско образование да се операционализираат дидактичките поими, принципи и стратегии во наставата по религиско образование.

Почетните поглавја ги третираат прашањата за местото, значењето и целите на методиката на наставата по религиско образование, основните дидактички поими, принципи и правила, како и факторите во наставата по религиско образование.

Издвоен е доволен простор и преку соодветни содржини се обработуваат прашањата за основната дидактичка апаратура. Овде посебно се разработени прашањата кои се однесуваат на наставните методи, наставните средства и наставните форми. Посебно место се издвојува за прашањата поврзани со дефинирањето, артикулацијата и типологијата на наставниот час.

Во завршните поглавја посебно се истакнува значењето на прашањето за подготовка на наставникот за настава. Во суштина прашањето е комплексно и е синтеза на претходните содржини третирани во ракописот. Имено, ефикасната подготовка на наставникот за настава продуцира квалитетно знаење на учениците. Актуелноста на прашањето за евалвација на постигнувањата на учениците е присутна и во ракописот. Содржините за поимот, суштината и видовите на оценување во наставата се разработени во посебно поглавје, што е во функција на стекнување основни теоретски и практични знаења во наставната работа.

Во ракописот е отстапен простор каде се поместени содржини кои се однесуваат на примери за организација на наставен час, каде се обработуваат содржини од различни религии со цел воочување на спецификите на одделни религии и разбирање на различните религиски системи. Тоа значи толеранција и почит на сите културолошки разлики детерминирани со религиската разноликост.

Од претходно изложените содржини е јасна намерата на авторите да истакнат дека Р. Македонија како земја на различни етнички заедници, конфесии и култури, во минатото и денес, треба да развива, одржува и гради постојан дијалог и комуникација меѓу различностите, која почива на највисоките човекови вредности, заемна почит и разбирање, толеранција.

Врз основа на досега изнесеното, можеме да констатираме дека пред нас стои вреден ракопис со низа позитивни особини како прецизност, конзистентност, заокруженост, целовитост, прегледност и комуникативност. Неговото публикување ќе им претставува чест на издавачите и покрај тоа е што е мотивиран со намера, на најчесто оспоруваната настава по религиско образование, да ѝ се помогне повеќе да не се доживува како нешто туѓо и непожелно во образовниот систем.

Трудот дава своевиден придонес во научната и стручната литература и врз таа основа го препорачуваме за издавање како учебно помагало за студентите од вториот циклус на специјалистички студии по методика на наставата по религиско образование.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Вера Стојановска, Институт по педагогија,Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Владо Тимовски, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, с.р.**